X=7594664.7400 Y=4593806.3600
X=7594659.5100 Y=4593805.7700
X=7594655.1300 Y=4593807.1200
X=7594651.3500 Y=4593809.2300
X=7594647.5600 Y=4593811.9200
X=7594643.0100 Y=4593816.6400
X=7594640.3100 Y=4593821.4400
X=7594639.3000 Y=4593825.0700
X=7594637.8700 Y=4593831.1800
X=7594638.2100 Y=4593838.5900
X=7594638.5400 Y=4593846.5100
X=7594638.3700 Y=4593860.6300
X=7594626.9200 Y=4593863.3200
X=7594618.6700 Y=4593869.3900
X=7594612.2700 Y=4593883.7100
X=7594603.3400 Y=4593890.4600
X=7594596.6000 Y=4593900.2300
X=7594586.3300 Y=4593916.0700
X=7594577.7400 Y=4593945.4000
X=7594593.4000 Y=4593949.1000
X=7594614.7900 Y=4593949.6900
X=7594622.8800 Y=4593933.8500
X=7594627.1600 Y=4593921.1700
X=7594644.3900 Y=4593908.1100
X=7594643.4600 Y=4593914.2200
X=7594640.8900 Y=4593920.2500
X=7594638.6200 Y=4593926.2300
X=7594635.3400 Y=4593934.1700
X=7594633.9900 Y=4593938.9400
X=7594633.3600 Y=4593943.8500
X=7594633.0600 Y=4593946.3700
X=7594633.5700 Y=4593952.9800
X=7594635.4600 Y=4593957.0600
X=7594638.0300 Y=4593960.3900
X=7594639.3400 Y=4593962.3300
X=7594640.4800 Y=4593965.4800
X=7594640.4400 Y=4593967.6600
X=7594640.1800 Y=4593969.8100
X=7594639.8900 Y=4593971.7900
X=7594637.9500 Y=4593975.7400
X=7594636.4400 Y=4593977.6700
X=7594633.8300 Y=4593983.1000
X=7594633.2400 Y=4593984.8300
X=7594633.0700 Y=4593986.3000
X=7594632.3100 Y=4593988.5300
X=7594631.8900 Y=4593991.2600
X=7594631.3000 Y=4593993.7500
X=7594630.6300 Y=4593996.5700
X=7594629.2800 Y=4593999.2700
X=7594628.8600 Y=4594002.4300
X=7594628.7300 Y=4594006.9100
X=7594629.4500 Y=4594010.5800
X=7594630.0800 Y=4594013.8300
X=7594630.5000 Y=4594017.0300
X=7594630.2900 Y=4594021.1200
X=7594629.9100 Y=4594024.5700
X=7594628.3600 Y=4594030.3600
X=7594627.6800 Y=4594032.7200
X=7594626.4600 Y=4594036.3800
X=7594625.3300 Y=4594039.1600
X=7594622.6700 Y=4594047.9100
X=7594622.0400 Y=4594050.8600
X=7594619.3100 Y=4594057.4600
X=7594618.5500 Y=4594060.2400
X=7594616.7400 Y=4594066.1300
X=7594615.6400 Y=4594069.3700
X=7594614.3400 Y=4594072.9500
X=7594612.1100 Y=4594076.4400
X=7594610.1700 Y=4594078.8800
X=7594607.6100 Y=4594081.3200
X=7594606.0500 Y=4594083.0000
X=7594604.5300 Y=4594085.3200
X=7594603.6100 Y=4594088.1900
X=7594603.0600 Y=4594091.8800
X=7594603.3100 Y=4594094.1100
X=7594604.6200 Y=4594098.1400
X=7594606.2600 Y=4594101.7700
X=7594607.9400 Y=4594105.0000
X=7594608.0700 Y=4594108.1600
X=7594607.6100 Y=4594111.2400
X=7594607.1400 Y=4594113.5600
X=7594606.0500 Y=4594116.6300
X=7594604.5300 Y=4594120.7200
X=7594601.9600 Y=4594125.9600
X=7594599.8600 Y=4594129.0400
X=7594597.3700 Y=4594133.1300
X=7594596.6600 Y=4594134.9800
X=7594595.3500 Y=4594137.6800
X=7594595.5600 Y=4594140.5900
X=7594596.4500 Y=4594141.8100
X=7594597.4600 Y=4594142.7300
X=7594598.3800 Y=4594142.7800
X=7594598.8900 Y=4594141.8100
X=7594599.2700 Y=4594139.3200
X=7594600.3200 Y=4594134.2600
X=7594601.5800 Y=4594131.5700
X=7594603.1400 Y=4594129.0400
X=7594605.7100 Y=4594123.5000
X=7594607.0500 Y=4594121.3100
X=7594608.8200 Y=4594117.2200
X=7594610.9300 Y=4594110.4500
X=7594610.9300 Y=4594105.6100
X=7594609.7500 Y=4594100.9300
X=7594607.8900 Y=4594096.2700
X=7594607.3900 Y=4594093.2400
X=7594608.0200 Y=4594091.5900
X=7594608.8200 Y=4594089.9900
X=7594610.4600 Y=4594088.5200
X=7594614.4200 Y=4594083.8500
X=7594615.6800 Y=4594081.3700
X=7594616.2300 Y=4594077.2400
X=7594617.0700 Y=4594072.7800
X=7594618.4200 Y=4594069.4500
X=7594620.1000 Y=4594065.5000
X=7594621.7400 Y=4594062.7200
X=7594625.7300 Y=4594056.7600
X=7594627.8400 Y=4594053.6400
X=7594630.0700 Y=4594049.5100
X=7594633.1000 Y=4594041.3200
X=7594634.0200 Y=4594038.6700
X=7594634.9500 Y=4594033.7400
X=7594634.9500 Y=4594030.4900
X=7594634.9900 Y=4594024.7000
X=7594634.3200 Y=4594019.1000
X=7594633.6000 Y=4594016.3200
X=7594632.9700 Y=4594011.5300
X=7594633.4300 Y=4594007.0200
X=7594634.8200 Y=4594002.2200
X=7594637.3400 Y=4593996.3400
X=7594639.7900 Y=4593991.7500
X=7594642.3500 Y=4593986.2700
X=7594644.8300 Y=4593979.0500
X=7594645.4700 Y=4593974.2900
X=7594645.0500 Y=4593967.2500
X=7594643.3600 Y=4593960.4400
X=7594641.5100 Y=4593954.8400
X=7594640.2100 Y=4593948.6800
X=7594639.8300 Y=4593944.1200
X=7594640.7500 Y=4593937.3800
X=7594642.6000 Y=4593930.6600
X=7594644.5000 Y=4593927.4100
X=7594647.1900 Y=4593924.8400
X=7594651.9900 Y=4593921.2000
X=7594655.6100 Y=4593918.0300

X=7594658.3100 Y=4593913.2300
X=7594662.0200 Y=4593904.8400
X=7594663.3200 Y=4593899.5700
X=7594663.6200 Y=4593894.8100
X=7594661.1300 Y=4593890.7600
X=7594656.7100 Y=4593886.6900
X=7594652.6600 Y=4593883.4900
X=7594650.8100 Y=4593880.0400
X=7594648.8700 Y=4593869.0000
X=7594647.8600 Y=4593859.3000
X=7594647.6100 Y=4593843.2700
X=7594647.6100 Y=4593831.4700
X=7594648.8700 Y=4593826.4100
X=7594651.4000 Y=4593820.4300
X=7594654.6800 Y=4593816.1300
X=7594658.1400 Y=4593813.8600
X=7594660.6700 Y=4593812.5900
X=7594663.4500 Y=4593812.7600
X=7594667.2400 Y=4593815.1200
X=7594672.5400 Y=4593818.7400
X=7594676.8400 Y=4593820.6000
X=7594679.7900 Y=4593820.8500
X=7594682.6500 Y=4593820.5100
X=7594686.6900 Y=4593819.2500
X=7594690.4000 Y=4593816.8900
X=7594695.0300 Y=4593813.0100
X=7594699.3300 Y=4593808.2100
X=7594705.0600 Y=4593802.6500
X=7594708.2600 Y=4593801.0500
X=7594710.9500 Y=4593800.7100
X=7594713.4800 Y=4593801.5500
X=7594715.1600 Y=4593803.0700
X=7594718.2000 Y=4593807.1100
X=7594720.5500 Y=4593812.0000
X=7594723.7600 Y=4593814.6100
X=7594726.6200 Y=4593815.2000
X=7594729.5800 Y=4593815.3900
X=7594729.7600 Y=4593815.4600
X=7594844.2900 Y=4593956.7800
X=7594921.1800 Y=4593972.3100
X=7594927.1000 Y=4593974.9000
X=7594933.1300 Y=4593978.4600
X=7594939.8100 Y=4593983.2000
X=7594945.2900 Y=4593984.0500
X=7594955.8500 Y=4593983.4000
X=7594950.1700 Y=4593992.9500
X=7594944.9600 Y=4594006.7300
X=7594938.9200 Y=4594017.3200
X=7594932.0100 Y=4594027.6000
X=7594923.9500 Y=4594035.0000
X=7594904.7500 Y=4594052.3500
X=7594887.9100 Y=4594064.6600
X=7594877.2900 Y=4594073.2700
X=7594857.9500 Y=4594088.1000
X=7594847.8700 Y=4594103.3900
X=7594836.5900 Y=4594122.2600
X=7594827.1600 Y=4594133.7200
X=7594810.8200 Y=4594155.4600
X=7594804.4200 Y=4594168.6000
X=7594794.3200 Y=4594182.2500
X=7594785.0500 Y=4594191.0200
X=7594768.8900 Y=4594198.9400
X=7594776.8500 Y=4594191.4100
X=7594796.7300 Y=4594178.1900
X=7594798.4200 Y=4594173.7300
X=7594792.2087 Y=4594167.9175
X=7594795.9100 Y=4594162.8305
X=7594793.0154 Y=4594160.7425
X=7594794.8200 Y=4594154.9600
X=7594800.2100 Y=4594128.6600
X=7594814.6100 Y=4594094.2500
X=7594827.3300 Y=4594099.1200
X=7594837.0900 Y=4594101.4800
X=7594844.8400 Y=4594101.6500
X=7594853.6000 Y=4594092.0500
X=7594895.4000 Y=4594030.7200
X=7594903.4400 Y=4594034.9200
X=7594922.1900 Y=4594004.9400
X=7594832.8300 Y=4593960.8900
X=7594822.9800 Y=4593956.0300
X=7594780.5200 Y=4593997.2000
X=7594697.6900 Y=4593941.1700
X=7594663.3500 Y=4593990.3700
X=7594746.1500 Y=4594046.3800
X=7594741.1900 Y=4594057.0100
X=7594735.7900 Y=4594054.8200
X=7594722.1600 Y=4594092.8600
X=7594713.4300 Y=4594116.4300
X=7594692.5900 Y=4594154.9100
X=7594632.6700 Y=4594231.5200
X=7594650.2600 Y=4594244.0600
X=7594647.0800 Y=4594249.8300
X=7594666.1300 Y=4594255.3700
X=7594686.2100 Y=4594269.6900
X=7594678.6200 Y=4594275.7400
X=7594662.4700 Y=4594285.3300
X=7594649.6000 Y=4594290.0500
X=7594637.6400 Y=4594292.0700
X=7594628.3800 Y=4594292.4100
X=7594617.6000 Y=4594291.5700
X=7594592.8400 Y=4594285.3300
X=7594589.0501 Y=4594285.0644
X=7594605.4400 Y=4594220.0300
X=7594648.2600 Y=4594127.2400
X=7594623.7700 Y=4594113.7600
X=7594582.8200 Y=4594208.1600
X=7594600.4305 Y=4594217.4012

Површина на планскиот опфат за делот од КП 3038/1, КО Неготино е 62,31ха.
Површина на планскиот опфат за делот од КП 3099/1, КО Неготино е 47.70 ха.
Површина на планскиот опфат за делот од КП 3135/1, КО Неготино е 27.67 ха.
Вкупна површина на плански опфат е 137.68 ха

2.ОПШТЕСТВЕНИ, ЕКОНОМСКИ И ПРОСТОРНИ ЦЕЛИ НА ЗАФАТОТ

Цел на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино е да се оформат градежни парцели за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија што преставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување. Фотоволтаичните централи со својот технолошки процес на производство на електрична енергија не влијаат на загадување на човековата околина.

Проекции

И покрај сериозното влијание на пандемијата на COVID-19 ширум светот во 2020 година, во истата сè уште беше инсталирана соларна енергија од 138,2 GW, што претставува раст од 18% во споредба со 2019 година, што е уште еден глобален годишен рекорд за инсталирање на соларниот PV сектор. Ова го носи глобалниот кумулативен соларен капацитет на 773,2 GW, што претставува зголемување од 22%, и претставува нова пресвртница за соларниот сектор со надминување на три четвртини од тераватот.

Овој изненадувачки силен раст ѝ помогна на соларната енергија да ја задржи својата доминација меѓу сите новоинсталирани технологии за производство на енергија, достигнувајќи 39% глобален удел, што се преведува во импресивен факт дека повеќе од секоја трета единица на централата инсталирана во 2020 година доаѓа од соларна енергија. Во исто време, уделот на вкупното производство на сончева енергија се зголеми за 0,5 процентни поени на околу 3,1%, при што скоро 70% сè уште доаѓа од фосилни горива и нуклеарни централи, што ја нагласува потребата за брзо забрзување на соларното распоредување.



Во 2020 година, година кога светот претрпе тешка здравствена и економска криза, соларната енергија повторно беше технологија за генерирање енергија со највисок нето инсталиран капацитет, со 39% удел од сите нови инсталации за годината (на слика). Ова е повеќе од двојно повеќе од сите нови капацитети за фосилни горива заедно. Нуклеарната, како и енергијата од јагленот веќе не се ни појавуваат на табелата, бидејќи нивните деактивирани капацитети ги надминуват новите инсталации.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина. Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, општина Неготино ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија). Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Кога светот е во енергетска криза најсоодветно е земјиштето кое се наоѓа во зона на поволна инсолацијада да се искористи за производство на електрична енергија преку фотоволтаична електрана. Намената на земјиштето со својата дејност нема да влијае на загадувањето на својата околина што е основна идеја во изборот на новата намена на земјиштето.

3.НАМЕНА И НАЧИН НА УПОТРЕБА

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино е со основна класа на намена:

Е- инфраструктура

Е 1- сообраќајна, линиска и друга инфраструктура

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани

За потребите на фотоволтаичната централа ќе бидат планирани објекти кој се во функција на централата и нејзино поврзување со енергетскиот систем

4.ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА ЗА ОСТВАРЛИВОСТ И ИСПАТЛИВОСТ

Пазарот за производство на електрична енергија од сончева енергија е сé поизгледен и покрај тоа што COVID-19 кризата до одреден степен ја ограничи експанзијата, а придонес во овој поглед беше и недостаток на доволно силиконска суровина, како основна компонента во производството на соларните ќелии. Очекувањата во престојниот период врз основа на реалните движења на пазарот и очекуваното стабилизирање на COVID-19 кризата се дека ќе бидат инсталирани преку 200 GW капацитети за производство на соларна енергија на годишно ниво во периодот 2022-2025 год. Оттука, се очекува вкупното производство на сончева енергија да достигне 1 TW во 2020 и близу 1.9 TW во 2025 година, со што, согласно Извештајот за предвидливи очекувања на Меѓународна Агенција за Енергетика (IEA) се потенцира лидерството на сончевата енергија на пазарите на електрична енергија во периодот кој престои.

Придонес во овој поглед се политичките рамки и обврски кои произлегуваат од Парискиот договорот за климатски промени чии потписници се најголемиот број на земји во светот во кој јасно се поставени целите за борба против климатските промени во динамички контекст. Врз основа на обврските кои произлегуваат од овој мултилатерален договор, изградбата на фотоволтаични централи стана дел од националните стратегиии за развој на производството на електрична енергија од обновливи извори на најголемиот број на земји во светот. Особен акцент во овој поглед, пред сé во развиените земји, се става на вградување на производството на сончева и други видови на обновливи енергии во долгорочните стратешки и плански насоки на бизнис секторот.

Проекциите на релевантните институции кои ги следат движењата на енергетски план на светско ниво предвидуваат континуирано зголемување на потрошувачката на електрична енергија со оглед на преусмерување на технологиите и индустриите кои ќе се напојуваат од овој вид на енергија (автомобилската индустрија и др.). Следствено, овие проекции антиципираат и годишен пораст на цената на електричната енергија од мин. 10% на годишно ниво.

Конечно, порастот на потрошувачката на електрична енергија од обновливи видови на енергија, ќе се должи и на негативниот еколошки импакт кои го создаваат постоечките енергенси за производството на електрична енергија (фосилни и др. загадувачки ресурси), со што значително ќе порасне и потребата од изградба на фотонапонски централи.

Имајќи во предвид дека Република Северна Македонија располага со значителен природен потенцијал за производство на соларна електрична енергија, развојот на фотонапонските капацитети е не само национален интерес, туку и интерес на локалната самоуправа, бидејќи на овој начин се овозможува ефективна оптимизација на локалната енергетска инфраструра, а притоа се намалува ризикот од еколошки катастрофи.

Позитивните ефекти од имплементирањето на овие стратеги се темели на ресурсите од овој вид со кои располага нашата држава, економските и енергетските заштеди кои се генерираат, како и позитивниот импакт врз заштитата на човековата околина.

Соларни ресурси и капацитети



На европската соларна мапа територијата на Република Северна Македонија покажа импресивни соларни капацитети. Анализите покажуваат дека поголемиот дел на земјата поради поволната географска положба, како и поради оптималната надморска височина (600-800 метри), е подложен на високо ниво на сончево зрачење.

Поточно, анализата на годишниот збир на глобалното зрачење на земјите од Западен Балкан покажува дека делови од териториите на Хрватска, Црна Гора, Албанија и Македонија се меѓу европските територии со најголем сончев потенцијал.



Овие заклучоци се добро прикажани во табелите, кои даваат споредба на годишното глобално зрачење и сончевата енергија генерирана годишно од 1 MWp инсталирана моќност во земји кои се некако лидери во Европа по инсталирани капацитети во однос на Македонија.

Годишна глобална ирадијација (kWh/m2)				
	Германија	Чешка	Шпанија	Македонија
минимум	1.074	1.115	1.365	1.482
просечна	1.147	1.169	1.812	1.623
максимум	1.445	1.267	2.028	1.722

Годишна фотоволтаична енерија (kWh/1kWp)				
	Германија	Чешка	Шпанија	Македонија
минимум	802	839	1.001	1.032
просечна	862	880	1.328	1.199
максимум	1.086	948	1.475	1.278



И конечно, анализирајќи ја територијата на Република Северна Македонија, доаѓаме до заклучок дека целата територија, поради поволната географска положба, како и за конфигурацијата и морфологијата на теренот, како висорамнините на надморска височина од 600-800 метри се погодни за поставување на фотоволтаични централи.

Состојбата во Северна Македонија и регионот

И покрај големиот потенцијал на сончева радијација со која располага Северна Македонија во поголемиот дел од територијата, со просечна вредност од 1.650 kWh/m2, искористеноста на истата со производство на електрична енергија е далеку од доволна. Првите исчекори во инсталирањето на фотонапонски системи беа направени во 2011 година и тоа кај фотонапонски централи на земја пред сé заради стимулативните мерки кои беа обезбедени од страна на државата во форма на feed-in тарифи. Овој тренд го достигна својот максимум во 2015 година кога кумулативното производство на фотоволтаичната електрична енергија достигна 0.20% од вкупно произведената електрична енергија. Во периодот до 2020 година инсталирањето на ФВ системи бележи значително помали стапки на раст при што вкупната количина на електрична енергија произведена од ФВ централи достигна ниво од 850 GW, односно 0.18% од вкупната произведена електрична енергија во С. Македонија.



За разлика, соседните држави, пред сé Бугарија и Грција, имаа значително поинтензивен пораст на производството на фотонапонска електрична енергија.

Проекции за инсталирање на фотонапонски капацитети во Македонија

Во престојниот период се очекува значителен пораст на инсталираните капацитети за фотонапонска енергија имајќи во предвид неколку клучни фактори:

Увозната зависност од електрична енергија која се повеќе ќе се зголемува од причини што постоечките носечки производители на електрична енергија се соочуваат со недостиг од потребни производни ресурси (јаглен, хидро-метерелошката состојба и др.). Од тука, нашата држава ќе биде сé повеќе зависна од увоз на електрична енергија која се детерминира на берзите (https://hupx.hu), а на кои цената е значително повисока во однос сегашната цена во Северна Македонија. Притоа, евидентен е трендот на галопирачки раст на побарување на електричната енергија на светско ниво заради зголемената побарувачка, односно преусмерување на агрегатните корисници кон електрична енергија.

Мултилатералните договори кои нашата држава ги има потпишано во функција на намалување на емисиите на CO2, нé обврзуваат да ги затвориме капацитетите за производство на електрична енергија базирани на фосилни горива до 2030 год., а кои се носечки производители и балансери на електричната енергија во Северна Македонија (РЕК Битола, ТЕЦ Осломеј и др.). Од истово произлегува дека нашата земја ќе мора да го интензивира инсталирањето на ФВ капацитети за производство на електрична енергија, со цел делумно да ги покрие недостатоците кои ќе произлезат од затворањето на наведените капацитети.

5.ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА НА ПРИРОДНИТЕ И АРТЕФИЦИЕЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

Во граници на планскиот опфат највисока точка е на 195 мнв додека најниска е на 115 мнв.

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C и апсолутна минимална температура -17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток.

Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168‰, просечна брзина 2,0m/sek максимална јачина 7 бофори.

Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142‰, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/sek. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425‰.

Врз основа на досегашните случени земјотреси, направени се согледувања за можните земјотреси, според кои сеизмогените зони се поклопуваат со досега утврдените, односно целата територија на општината припаѓа на зоната од 8° по Меркалиева скала.

Земјиштето е неизградено. До него се пристапува од некатегоризиран пат КП 4195 и 4198 КО Неготино.

Поврзувањето на фотоволтаичната централа со електроенергетскиот систем ќе биде со друга урбанистичко проектна/планска документација.

6. ЕКОНОМСКА И РАЗВОЈНА АНАЛИЗА НА ИДНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАДБАТА

Во граници на планските опфати е со површина од 137,08 (62,31+47,70+27,67)ха ќе се овозможи задоволување на потребите за изградба на фотоволтаична централа со капацитет од 100,28 (45,45+34,63+20,20)MW со пропратна опрема, објекти за одржување на централата и инфраструктурни објекти.

Вкупните трошоци за имплементација на проектот ги вклучува трошоците за набавка на земјиште, развој на проектот, целосна CAPEX инвестиција во електраната и инфраструктурата за поврзување на мрежата, применливиот ДДВ, како и трошоците за финансирање и трошоците при трансакции, вклучувајќи го и почетниот обртен капитал.

Произведена електрична енергија ќе се испорачува на националната електроенергетска мрежа на снабдувач/ трговец со електрична енергија.

Со урбанистички план /проект од планскиот опфат ќе се испланира електроенергетска инфраструктура со која фотоволтаичната централа ќе се поврзе со електроенергетска мрежа.

Од АД МЕПСО – Скопје бр.11-1756/1 од 21.02.2024 има Прелиминарна согласност за приклучување на електропреносна мрежа со која може да се продолжи постапката за Овластување за изградба на ФЕЦ Неготино согласно Законот за енергетика.

Постапката за приклучување на електропреносна мрежа продолжува со изработка на Студија за приклучување на ФЕЦ Неготино не електропреносна мрежа по добиеното Овластување за изградба.

7. УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОСТОРНИОТ ПЛАН И СОСЕДНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

За предметниот опфат издадени се

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3038/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. Тех. Бр. Y 64623, Јануари 2024 и Решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 100/2024 од 01.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ.
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3099/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. Тех. Бр. Y 64723, Јануари 2024 и Решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 215/2024 од 14.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3135/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. Тех. Бр. Y 64823, Јануари 2024 и Решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 108/2024 од 05.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ

Површината на плански опфат за делот од КП 3038/1, КО Неготино е 62,31ха.
Површина на планскиот опфат за делот од КП 3099/1, КО Неготино е 47.70 ха.
Површина на планскиот опфат за делот од КП 3135/1, КО Неготино е 27.67
ха. Вкупна површина на плански опфат е 137.68 ха

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од Услови за планирање на просторот со намна површински соларни и фотоволтаични електрани за :

- **УПП - Y 64623 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)**

Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа ГУП на Град Неготино, Општина Неготино донесен со Одлука со бр. 08-562/3 од 6.11.2020 год.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на РМ:

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори.
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони..
- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Планскиот опфат на површинските соларни и фотоволтаични во КО Неготино, Општина Неготино, се наоѓа во водостопанско подрачје (ВП),, Среден Вардар ,, кое е сиромашно со вода. Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерна. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концетрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во републиката има вредност од 26,2л/сек/км² за реката Радика до 3,1л/сек/км²за сливот на реката Струмица. На реката Вардар по течението вредноста на површинското истекување се намалува од 17,4 л/сек/км кај мерниот профил Радуша, преку 13,6 л/сек/км² кај мерниот профил Демир Капија.
- Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, во регионот кој е сиромашен со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетска покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.
- Покрај опфатот на електраната минува река Вардар и површинските водотеци за кои при изработката на докуменацијата треба да се предвиди заштита на речно корито, со цел да се избегнат несакани последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготини, Општина Неготино е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- Поставувањето површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- А1 (М-1) - (Граница со Србија-ГП Табановци- Куманово-Велес-Неготина- Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3)

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:

- Р1103 - (Лакавица – врска со А4 – неготино-Кавадарци-Дреново-врска со Р1101)
- Р2137 - (врска со П1102 -Војошанци-Корешница-врска со Демир Капија (Р1102).
- При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област

- При изработка на планската документација од аспект на безбедност во железничкиот сообраќај, да се почитуваат Законот за железничкиот систем и Законот за сигурност во железничкиот систем, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.
- Предметната локација го сече коридорот на постојната железничка линија. При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во железничкиот сообраќај, да се почитуваат Законот за железнички систем и Законот за сигурност во железничкиот систем, како и важечкиот Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата за површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарската општина Неготино, има еден регистриран со Решение недвижен споменик на културата, евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива Закон за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат ова обалст, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион во којшто се утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и припаѓа во транзитниот коридор..
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Согласно Просторниот План на Република Македонија, локацијата за површински соларни панели и фотоволтаични, КО Неготино, Општина Неготино се наоѓа во потенцијалната зона на свечилишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свечилишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

- **УПП - Y 64723 (Дел од КП 3099/1, КО Неготино)**

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.
Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планскиоте концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.
При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на РМ:

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори.
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активностида се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Планскиот опфат на површинските соларни и фотоволтаични во КО Неготино, Општина Неготино, се наоѓа во водостопанско подрачје (ВП),, Среден Вардар ,, кое е сиромашно со вода. Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерна. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концетрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во републиката има вредност од 26,2л/сек/км² за реката Радика до 3,1л/сек/км²за сливот на реката Струмица. На реката Вардар по течението вредноста на површинското истекување се намалува од 17,4 кај мерниот профил Радуша, преку 13,6л/сек/км² кај мерниот профил Демир Капија.

- Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, во регионот кој е сиромашен со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетска покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.
- Покрај опфатот на електраната минува река Вардар и површинските водотеци за кои при изработката на документацијата треба да се предвиди заштита на речно корито, со цел да се избегнат несакани последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Низ локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино, минува постојниот преносен 400kV далновод Штип-Дуброво, постојниот преносен 110kV далновод Бучим-Дуброво и постојниот преносен 110kV далновод Бучим-Радовиш заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат : ,,Мрежните правила за пренос на електрична енергија ,,(Службен лист на РМ 303/2021)
- Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино нема конфликт со останатите постојните и планирани енергетски водови.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготини, Општина Неготино е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

- Поставувањето површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, Општина Неготино ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- А1 (М-1) - (Граница со Србија-ГП Табановци- Куманово-Велес-Неготина- Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3)

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:

- Р1103 - (Лакавица – врска со А4 – неготино-Кавадарци-Дреново-врска со Р1101)
- Р2137 - (врска со П1102 -Војошанци-Корешница-врска со Демир Капија (Р1102).
- При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.
- Предметната локација го сече коридорот на постојната железничка линија.При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во железничкиот сообраќај, да се почитуваат Законот за железнички систем и Законот за сигурност во железничкиот систем, како и важечкиот Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата за површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино, Општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарските општини Неготино, има еден регистриран со Решение недвижен споменик на културата, евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
